МАКАМ-ТРАНС

АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ НА ПРЕВОЗНИТЕ ТРГОВСКИ ДРУШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКАМ-ТРАНС
Бр. 03-22/1
03.04 2023 год.
СКОПЈЕ

**До**
**Министерство за транспорт и врски**

**Сектор за патен сообраќај и инфраструктура**

**Предмет:** Мислење за предлог текст на Закон за превоз во патниот сообраќај

Почитувани,

Ја почитуваме поканата за одржување на директни средби во министерството за транспорт и врски и разговори за предложениот текст на законот, затоа што овој закон е основен закон со кој треба да се воспостави ред во областа на превозот и да се сузбие секаква нелојална конкуренција и сива економија, треба да е направен во соработка со сите претставници на превозниците, министерството и државниот инспекторат за транспорт како би можело праксата и теоријата да се спојат и да има целосна имплементација на законот. Не смее да се дозволи да постои различно толкување на одредбите од законот, односно не смее да има нецелосно прецизирани одредби кои ќе даваат можност за корутивни дејствија.

Генерален впечаток за текстот на предлог Законот е дека има несиметричност во однос на одредбите кои се однесуваат на секој посебен вид на превоз и заедничките одредби кои се однесуваат за сите видови на превоз што го прави тешко разбирлив, а со тоа и тешко применлив во пракса.

**Пример:** Обврската која се воспоставува за носење на Патен налог и за превоз на патници и за превоз на стоки е дадена во делот за превоз на стока, што ќе предизвика неможност да се знае и почитува обврската од страна на другите превозници, особено што оваа обврска спаѓа во општиот дел на самиот закон.

или

Обврската за СПК на возач е дадена пред обврската за поседување на лиценца, со што се изместува редоследот на условите кои треба да се исполнат и се битни за обезбедување на достапност до транспортниот пазар согласно видот на превозот во патниот сообраќај.

Во овој допис накратко ќе нагласиме некои наши несогласувања во однос на текстот на предлог законот, со цел да не го оптеретуваме истиот со многу технички елементи поради големината на текстот на самиот закон.

**Пример:**

**<u>Во член 2 став (4) е наведено</u>**: „Овој Закон не се применува за вршење на превоз на патници за лични потреби со возила од М1 категорија кои имаат најмногу 4+1 седиште.“

- Не е јасно зошто се наведува овој став, кога самиот закон е напишан за превози кои се вршат за комерцијални цели и по автоматизам се подразбира дека не се однесува за лични возила на граѓаните, но со ова се дава можност за зголемување на сива економија во такси работење низ државата со повикување на овој став.

Наместо овој став треба да се напише: „**(4)** Во простапката на обработка на лични податоци на учесниците во својство на физичко лице во патниот сообраќај, министерството за транспорт и врски, општините, градот Скопје и надлежните органи за вршење на инспекциски надзор должни се да ги почитуваат одредбите од Закон за заштита на личните податоци."

- Ова е законска обврска за сите правни субјекти и државни органи кои користат лични податоци на физички лица. Во законот се собираат лични податоци за вработени лица во превозните трговски друштва и се формира база на податоци (управители, лица одговорни за превоз, возачи и т.н) што значи дека мора да се нагласи и применат одредбите од Закон за заштита на личните податоци.

Во целиот текст на законот каде се повикува на назив на државен орган како што е Министерство за транспорт и врски, Влада, Царинска Управа и др., називите се пишуваат со голема буква, но насекаде каде се членува називот на институцијата се пишува со мала буква: министерството, владата, царинската управа и т.н, согласно ова треба да се направат корекции во целиот текст на законот.

**Во член 3 став 1 точка 1** во дефиницијата за Автобуска станица на крајот од текстот е наведено „Автобуската станица мора да ги исполнува условите пропишани во овој закон и правилниците кои произлегуваат од овој Закон."

- Што е спротивно на принципот за формулации на одредени поими, особено што во законот има посебно поглавје за Автобуска станица.

**Во член 3 став 1 точка 6 наведено е** „а слегуваат **на само едно место** кое е различно од местото на качување на патниците." - во пракса во едно такси возило може да се качат двајца или тројца патници кои се возат заедно во правец на одредена дестинација и слегуваат на различни места, а последниот патник ја плаќа сметката за сите, што значи зборот само едно место не соодветствува со случување на терен и вршење на авто такси превоз.

**Во член 3 став 1 точка 12:** „Возило во смисла на овој закон е автобус или патничко моторно возило наменето исклучиво за превоз на патници, односно моторно возило, приклучно возило или група на возила кои се наменети исклучиво за превоз на стока." – нова дефиниција

„**Возило** во смисла на овој закон е пооделно секое моторно и приклучно возило со кое се врши превоз на патници или стока во патниот сообраќај;" - стара дефиниција

- Новата дефиниција прави разлика меѓу возилата со кои се врши превоз на патници и превоз на стока, но мора да се има во предвид дека и автобуси особено во меѓународниот превоз влечат приколки за багажот на своите патници, новата дефиниција ја ограничува примената на приколките, не се земени во предвид комбиња, пикапи и друг вид на возила со кои се врши превоз на патници и стока. **Согласно на ова треба да се задржи постојната дефиниција бидејќи под возило се подразбираат сите превозни средства со кои се врши превоз на патници и стока.**

**<u>Во член 3 став 1 точка 17 дадена е дефиниција:</u>** „Дозвола на Европската конференција на министрите за транспорт (ЕКМТ) е мултилатерална дозвола за извршување на меѓународен превоз на стока во патниот сообраќај на територијата на државите членки на МТФ (Меѓународен транспортен форум), со возила регистрирани во една од државите членки на МТФ; (сменето од ЕКМТ во МТФ)

- Оваа дефиниција е грешна во однос на замена на ЕКМТ со МТФ (ITF) затоа што не сите членки на МТВ (ITF) се и членки на ЕКМТ – разлика е 20 држави, односно ЕКМТ резолуцијата е потпишана од 43 министри за транспорт (држави) кои се дел од членките на МТФ (ITF), а не и обратно.

**<u>Во член 3 став 1 точка 27 дадена</u>** е дефиниција за: „**Меѓународен договор** е секоја меѓународна мултилатерална или билатерална спогодба или договор со кои се уредува меѓународниот превоз и кој ја обврзува Република Северна Македонија;"

- Ова значи дека насекаде во текстот на законот каде се наведува „спогодба и договор" или „спогодба или договор" треба да се користи терминот **„меѓународен договор"**.

**Фактот дека има законски обврски за професионалните возачи потребно е да се даде и дефиниција за возач:**

**Возач е** физичко лице кое управува со моторно возило за целиот или пократок период при вршење на превоз или мобилен работник (совозач) кое се наоѓа во моторното возило како дел од неговите работни задачи, а со цел да управува со моторното возило доколку за тоа се јави потреба.

Потребно е да се додадат нови дефиниции кои ќе ги појаснат одредбите во овој закон во однос на странските превозници од една страна, а ќе дадат можност да се вградат и соодветни одредби и во овој закон кои се однесува на изнајмени возила и на Код 95, кој согласно законодавството на ЕУ се внесува во возачките дозволи, кои од 2015 година во нашата држава се усогласени со законодавството на ЕУ:

**Изнајмено возило е** секое возило кое, за соодветен надоместок и за одреден период, е ангажирано од страна на превозник кој врши превоз на стоки во јавниот патен сообраќај под наем врз основа на договор за наем со правно лице кое е сопственик на возилото.

**КОД 95 е** пропишан знак на ЕУ кој се впишува во возачка дозвола на возачот и означува дека возачот се стекнал со СПК на возач;

**<u>Во член 4 став (4):</u>** СПК на возач се издава со рок на важење од пет години и истиот се продолжува најдоцна 45 дена пред истекот на рокот на важење, врз основа на **<u>записник за положен испит</u>** од периодична обука за стручно оспособување на возач.

- Треба да се избришат одредбите за полагање на испит за периодична обука затоа што во Директива 2003/59/ЕЗ допрецизирана со Директива 2018/645 од 2018 година не се предвидува полагање на испит за периодична обука туку врз основа на потврда за посетувана обука се издава друг сертификат со рок на важење од 5 години.

Во овој член мора да се стави и исклучок од правилото за полагање на првична квалификација како исклучок за лица кои имаат полагано и добиена соодветна возачка дозвола пред примена на

одредбите за СПК на возач со првична класификација: „По исклучок од ставот (2) на овој член лица кои заклучно до 1-ви јануари 2016 година се стекнале со возачка дозвола за категорија Ц или Ц1, Д или Д1 немаат обврска да посетуваат обука за првична квалификација согласно овој закон." ова се однесува на делот кој значи посетување на автошколи и поминување на часови за обука за возење и стекнување со соодветни возачки категории.

**Во член 5 став 1** треба да се замени почетокот на реченицата: (1) Сертификатот од член 9 став (1) точка 10, со зборовите: „**Сертификатот од член 4 став 1 на овој закон**"

- Првото утврдување на обврската за поседување на СПК на возач е дадена во член 4 став 1 од овој закон, но во овој член треба исто така да се утврди во возачките дозволи кои според Закон за безбедност во сообраќајот се усогласени со законодавството на ЕУ да се вметнува КОД 95 наместо да се издаваат посебни пластифицирани сертификати. Министерството за транспорт и врски ќе издава или потврда или сертификат во хартиена форма и врз основа на документот МВР ќе го внесува код 95 во возачката дозвола.
- Исто така согласно Директива 2003/59/ЕЗ полагањето за стекнување со СПК на возач не се поврзува со поседување на возачка дозвола со соодветна категорија, напротив тоа се проверува и контролира на пат при користење на возилата, а дава можност и врз основа на образование во средните стручни школи учениците да го добијат овој сертификат со завршување на образованието (три или четири години).

**Пример за измени на членот 5:**

(1) Министерството за транспорт и врски, врз основа на копија од важечка возачка дозвола, записник за положен испит или потврда за завршена периодична обука за учество на возачи во меѓународниот патен сообраќај издава уверение на секој возач дека се стекнал со СПК на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стока.

(2) СПК на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стока врз основа на уверение издадена од министерството за транспорт и врски се запишува во возачката дозвола на возачот под КОД 95 и дата на важење во полето наменето за таа цел.

(3) СПК на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки се издава со рок на важење од пет години и истиот се продолжува пред истекот на рокот на важење врз основа на потврда за завршена периодична обука издадена од овластен обучен центар.

(4) Испитот за добивање на СПК на возач по завршена обука за првична квалификација се полага пред Комисија за полагање на сертификат за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стоки (во натамошниот текст: Комисијата) формирана од министерот за транспорт и врски.

(5) Комисијата од ставот (3) на овој член се состои од пет члена од кои три члена се од Министерството за транспорт и врски и два члена од регистрирани здруженија на превозниците со мнозинско членство преку кои ги остваруваат своите интереси од сите аспекти на своето работење.

(6) Испитот за добивање на уверение за СПК на возач од ставот (4) на овој член се полага во испитна сесија која се спроведува секој месец.

(7) Членовите на комисијата за својата работа добиваат надоместок.

(8) Висината на надоместокот за комисијата која го спроведува испитот треба да биде во рамките на доставениот трошковник од член 15 став (7) од овој закон, утврден од правното лице - овластен обучен центар, по претходна согласност на министерот за транспорт и врски.

(9) Врз основа на став (8) од овој член министерството за транспорт и врски ги исклучува овластените обучни центри од можност да пријавуваат кандидати за полагање во случај кога двапати едно подруго не ги платиле трошоците за испитната комисија.

(10) По исклучок од став (4) на овој член, свидетелство за завршено средно стручно образование за занимање „возач на моторно возило" од член 15 став 3 на овој закон е доказ за положен испит за првична квалификација врз основа на кое се издава уверение од став (1) на овој член.

(11) Министерството за транспорт и врски води евиденција за лицата кои го положиле испитот за добивање на СПК на возачи и за лица на кои им е издадено уверение за СПК за возач за учество во меѓународен патен сообраќај.

(12) Начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на СПК на возач, формата и содржината на пријавата за полагање на испит, записникот за положен испит, и уверението за добиен СПК на возач, ги пропишува министерот за транспорт и врски."

**Во член 10 став (3)** не е јасно заради кои измени на податоци ќе се издаде нова лиценца, особено кога се знае дека превозниците постојано купуваат, односно продаваат возила, вработуваат и отпуштаат возачи. Важно е да се дефинира за кои податоци и состојби се предвидува поништување на старата и издавање на нова лиценца.

**Член 9 и член 96 став (2) точка 2:** Во однос на лиценците кои ќе се издаваат во иднина, со одреден период на прилагодување треба да се одреди дека лиценца за превоз на стока ќе се издава на превозници кои во сопственост имаат возила со минимум еуро 3 стандард. На овој начин ќе се поттикне обновата на возниот парк и елиминирање на возила кои се стари повеќе од 25-30 години. Ова треба подеднакво да се однесува и на превоз на стока како и за превоз на патници и е основен елемент за безбедност во сообраќајот, но и за зачувување на животната средина.

Голем број на застарени возила има во превозот за сопствени потреби и кај земјоделските стопанства, кои додека да се усогласат со законот ќе користат услуга од превозници кои вршат јавен превоз на стока. На овој начин ќе се постигне и намалување на нелојалната конкуренција затоа што има појава на вршење на комерцијален превоз и со возила кои се за превоз за сопствени потреби без разлика што немаат соодветен вид на лиценца.

На овој начин сите возила кои имаат од Еуро 3 заклучно со Еуро 6 можат да добијат извод од лиценца врз основа на Потврда за исполнување на еколошки стандард кој се издава од овластени технички служби или врз основа на сертификат за сообразност заверен од производител или од него овластен орган.

**<u>Член 6 и член 97</u>** треба да се спојат во однос на давање на овластување на Техничката служба за единечно одобрување од страна на министерството за транспорт и врски за издавање на потврди за исполнување на техничко-експлоатациони услови и потврда за еколошки стандард, од една страна со овластување на истите за издавање на ЕКМТ тест сертификат бидејќи и Сертификат за сообразност заверен од производителот или од него овластено лице е доказ за исполнување на техничко-експлоатациони услови, издувни гасови и бучава, а со ЕКМТ тестот се потврдува на секои 12 месеци дека тие услови се исполнети и во текот на експлотација на возилата. Во член 6 за да нема забуна кај превозниците мора да се наведе дека министерството издава бланко сертификати за сообразност кои пополнети и потпишани се користат за докажување на техничко-експлоатациони услови на возилата.

Напоменуваме дека и во други членови кои се однесуваат на општиот дел од законот и делот за превоз на стока има нецелосно прецизирање со што се нарушува смислата и примената на одредбите.

Формата на постојниот Закон за превоз во патниот сообраќај е претходно усогласен, нашето барање за изработка на нов закон беше и е од аспект да се спојат на едно место сите измени направени од 2004 до 2022 година со елиминирање на сите намерни и ненамерни грешки кои од голем број промени се направени во претходниот период. Промената на формата и обликот на законот го отежнува следењето и споредбата на старата и новата законска материја.

Остануваме во надеж дека низ взаемен разговор и соочување со факти изнесени од лица кои долги години го практикуваат и имплементираат законот и ги почитуваат законските прописи и од европското законодавство, дека ќе го подобриме предложениот текст на Закон за превоз во патниот сообраќај.

Со почит,
Биљана Муратовска
Генерален секретар

**АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ НА ПРЕВОЗНИТЕ ТРГОВСКИ ДРУШТВА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МАКАМ-ТРАНС**
**<u>www.makamtrans.org.mk</u> "Асном бр.64/1" 1000, Скопје 02/ 2551 057**